РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-84/7
25.02.2025 година
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од двесте дваесет и девета седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 23 јануари 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 23 јануари 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте дваесет и деветата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: Бесник Авдија, претседател на УО и претседател на Основен граѓански суд Скопје, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, Душица Димитриеска, член на УО и претседател на Совет на јавните обвинители на РСМ, Енѓелуше Кадриу Леши, заменик член на Управен одбор, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за организиран криминал Скопје - на местото на членот на УО, јавен обвинител Башким Бесими, Златко Биковски, член на УО и јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, д-р Али Алиу, судија на Апелационен суд Гостивар, член на УО и Радица Лазареска Геровска, кабинетски службеник за правна поддршка на министерот за правда на РСМ, член на УО. На седницата не беа присутни претседателката на Врховниот суд на РСМ и член на УО, судија Беса Адеми и м-р Антоанета Димовска, член на ССРСМ и член на УО, чиишто заменици членови во Управниот одбор исто така не биле во можност да присуствуваат.

На седницата, присуствуваше и директорот на Академијата, јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, го констатираше присуството на горенаведените членови на Управниот одбор и директорот на Академијата, како и отсуството на двајца членови на Управниот одбор, по што беше утврдено дека има кворум за работа на седницата. Претседателот на Управниот одбор го прочита предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 228-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Усвојување на Извештај за текот на спроведување од завршен испит во 2024 година за осмата генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев од Завршна комисија на Академија за судии и јавни обвинители.
4. Усвојување на Извештај за спроведена ревизија на теоретска настава, практична настава и завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука од Комисија за ревизија за одржани испити на Академија за судии и јавни обвинители.
5. Запознавање со утврдена конечна ранг листа на кандидати за судии и јавни обвинители врз основа на завршната оценка согласно член 58 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители.
6. Констатирање престанок на мандат на заменик член во Управен одбор на Академија за судии и јавни обвинители.
7. Разно.

Со оглед на тоа дека никој од присутните не се пријави за збор, предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор.

Се пристапи кон разгледување на **првата точка** на дневен ред - усвојување на Записник од 228-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управен одбор отвори дискусија по однос на првата точка од дневен ред, но со оглед на тоа дека никој од присутните не се пријави за збор, предлог записникот од 228-ма седница беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **втората точка** од дневниот ред Донесување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде воведно излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата посочи дека по однос на предлог измените и дополнувањата на Статутот на Академијата, на стручната служба на Академијата и е потребно повеќе време да подготви материјал за целосно усогласување на Статутот со Законот за Академија за судии и јавни обвинители, по што замоли оваа точка да биде одложена за некоја наредна седница на Управниот одбор на Академијата. Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на директорката оваа точка од дневен ред да се одложи за некоја од наредните седници на Управниот одбор, по

што истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор.

**Третата точка** на дневен ред беше усвојување на Извештај за текот на спроведување од завршен испит во 2024 година за осмата генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев од Завршна комисија на Академија за судии и јавни обвинители. Беа повикани претседателот и заменик претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески и јавен обвинител Фатон Азизи. Претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески, се приклучи на седницата на Управниот одбор преку средство за видеоконференциска врска, бидејќи бил спречен да присуствува со физичко присуство, додека заменик претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Фатон Азизи, присуствуваше со физичко присуство. Претседателот на Управниот одбор даде збор на претседателот на Завршната комисија да даде свое излагање по однос на предметниот Извештај.

Претседателот на завршната комисија започна со презентација на содржината на Извештајот за текот на спроведувањето на завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука, истакна дека истиот се состои од три дела по што накратко ја образложи содржината на секој дел и сите составени елементи на извештајот. Откако заврши со својата презентација, претседателот на Завршната комисија даде можност на членовите на Управниот одбор доколку имаат одредени прашања околу извештајот истите да ги постават. Откако никој не побара збор по прашањето на претседателот на Управниот одбор дали некој се пријавува за збор, Извештајот за текот на спроведување од завршен испит во 2024 година за осмата генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор им се заблагодари за присуството на претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Дејан Петрески и заменик претседателот на Завршната комисија, јавен обвинител Фатон Азизи, по што истите ја напуштија седницата.

Следно, се премина кон разгледување на **четвртата точка** од дневниот ред - усвојување на Извештај за спроведена ревизија на теоретска настава, практична настава и завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука од Комисија за ревизија за одржани испити на Академија за судии и јавни обвинители, по што претседателот на Управниот одбор го повика претседателот на Комисијата за ревизија на одржани испити, м-р Селим Адеми. Откако претседателот на Комисијата за ревизија на одржани испити пристапи на седницата, претседателот на Управниот одбор му даде збор и можност да го презентира извештајот на Комисијата за ревзиија. Претседателот на Комисијата за ревизија го презентираше предметниот извештај при што истакна дека Комисијата за ревизија спровела

ревизија на: теоретската настава на осмата генерација слушатели во почетна обука вклучувајќи ги ја и ревизијата на спроведените испити како и на оценувањата во рамки на теоретската настава, на оценувањата на практичната настава, ревизија на комплетноста на досиеата од практична настава на сите слушатели на почетна обука, по која ревизија и утврдување на комплетноста на досиеата од сите фази на теоретската и практичната настава, се пристапило кон реализација на завршниот испит, кој исто така бил предмет на ревизија од страна на Комисијата за ревизија. Претседателот на Комисијата за ревизија исто така истакна дека на крајот на извештајот се содржани препораки и заклучоци од Комисијата за ревизија за кои Комисијата за ревизија смета дека би биле од особен придонес за реализацијата на почетната обука на идните генерации слуаштели на почетна обука во Академијата. Претседателот на Комисијата за ревизија на одржаните испити ги праша присутните доколку имаат прашања околу извештајот или работата на Комисијата за ревизија на испити истите да ги постават.

За збор се јави членот на Управниот одбор Радица Лазаревска Геровска која постави прашање од кои причини во извештајот одредени бодови се ставени со жолта боја. Претседателот на Комисијата за ревизија одговори дека станува збор за три случаи каде постои техничка грешка при собирање на резултатите, па така при објавувањето на листата во истата се ставени едни бодови, но по извршена ревизија од страна на Комисијата за ревизија е утврдено дека постои погрешно собирање на доделените бодови, по што Комисијата за ревизија истото го констатирала и побарала од предавачите кој ја дале оценката да извршат увид во бодувањето, да изготват службени белешки за извршените корекции, кои се дадени во прилог на Извештајот, по што е направена исправка при математичкото собирање на бодовите, кои интервенции се означени во жолта боја во извештајот. Со оглед на тоа дека заврши дискусијата по однос на предметната точка, претседателот на Управниот одбор, го стави на гласање Извештајот за спроведена ревизија на теоретска настава, практична настава и завршниот испит за осмата генерација слушатели на почетна обука од Комисија за ревизија за одржани испити на Академија за судии и јавни обвинители и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор на Академијата. Претседателот на управниот одбор му се заблагодари на присуството на претседателот на Комисијата за ревизија на одржани испити, по што претседателот на Комисијата за ревизија на одржани испити ја напушти седницата.

**Петтата точка** на дневен ред беше Запознавање со утврдена конечна ранг листа на кандидати за судии и јавни обвинители врз основа на завршната оценка согласно член 58 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор истакна дека конечната ранг листа на кандидати за судии и јавни обвинители изготвена врз основа на завршната оценка согласно член 58 од ЗАСЈО е дадена во материјалите за седницата и имајќи предвид дека со истата Управниот

одбор само се запознава, беше исцрпена оваа точка од дневниот ред и се премина кон следната точка.

Шестата точка на дневен ред беше констатирање на престанок на мандат на заменик член во Управен одбор на Академија за судии и јавни обвинители – јавен обвинител Деса Пауновска од Вишо јавно обвинителство Гостивар. Претседателот на Управниот одбор констатираше дека доставениот допис од обвинителката Пауновска е од 15.01.2025 година, по што го констатираше престанокот на мандатот на јавниот обвинител Деса Пауновска како заменик член на Управниот одбор на Академијата, назначена од Здружение на јавните обвинители на РСМ. Едногласно беше усвоено задолжувањето Здружението на јавни обвинители во рок од 15 дена да номинира нов заменик член на Управниот одбор на Академијата на местото на јавниот обвинител Деса Пауновска.

**Последна точка** на дневниот ред беше точката Разно. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата. Директорката на Академијата истакна дека на запознавање до Управниот одбор ги доставува Одлуките од ССРСМ и СЈОРСМ во однос на бројот слободни судиски и јавнообвинителски места кои ќе бидат пополнети со кандидатите кои ја завршија почетната обука во Академијата, па така беше увидено дека од 97те кандидати, 50 кандидати ќе бидат избрани за судии и 47 за јавни обвинители.

Исто така, директорката на Академијата посочи дека во материјалите под точка разно се доставени и евалуациите на предавачите од 2024 година, кои беа претходно побарани од страна на Управниот одбор на Академијата, по што истакна дека истите се јасни и доставени на запознавање на членовите на Управниот одбор.

Следно, директорката на Академијата ги извести членовите на Управниот одбор дека сеуште не е добиен одговор од Министерството за финансии на РСМ во врска со обезбедените финансиски средства за објава на оглас за избор на заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Во таа насока директорката истакна дека смета дека треба да се достави ургенција, на што членовите на Управниот одбор се согласија.

Во однос на барањето на Управниот одбор, кога во иднина на дневен ред ќе биде дополнување на листа на предавачи со предавачи кои претходно ги одобрил Програмскиот совет да биде доставуван записник во кој е констатирана исполнетоста на условите, директорката укажа дека тоа би можело да претставува проблем во случаите кога записникот од одржаната седница на Програмсиот совет сеуште не е усвоен, па така предложи доколку членовите на УО се согласни, наместо записник, до Управниот одбор да биде доставувано известување во кое се потврдува ставот на Програмскиот совет во однос на предметните предавачи кои треба да бидат избрани од Управниот одбор, кој предлог беше прифатен од страна на Управниот одбор.

Следно под точката разно директорката на Академијата истакна дека би сакала да се сподели со сите членови на Управниот одбор забелешка од член на Управниот одбор во врска со подготовката на дневниот ред за седниците на Управниот одбор, Поточно, забелешката се однесувала на подготовката на дневниот ред, по што директорката на Академијата посочи дека самата го известува претседателот на Управниот одбор кои се потребите на Академијата во однос на тоа што треба да биде предмет на разгледување од страна на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор истакна дека самиот е задоволен од соработката со Академијата и дека потребите за предлог точки на дневен ред треба да бидат произлезени од Академијата.

Наредно, во однос на обврската за снимање и емитување во живо на седниците на Управниот одбор, директорката на Академијата постави прашање до Управниот одбор дали сметаат дека истото треба да оди преку ангажирање на фирма која ќе снима и емитува во живо или пак преку креирање на сопствен Youtube канал на Академијата имајќи предвид дека истото е поекономично и поедноставно. По одржана дискусија беше одлучено за почеток да се започне со Youtube канал, па доколку се увиди дека има проблеми при работа, да се спроведе предвидената јавна набавка за ангажирање на фирма која ќе снима и емитува во живо.

За крај, директорката истакна дека би сакала да сподели и информација во врска со соработката со ERA, по што посочи дека е повторно воспоставена комуникација, каде што не е спомената спорната фактура која беше предмет на разгледување на претходна седница на Управниот одбор, па така доставената покана за учество на настан од страна на ERA е доставена до судиите и јавните обвинители и се чека нивно пријавување на настанот, од што во секој случај ќе се увиди заинтересираноста на целните групи на настаните оргнизирани во соработката со ERA, од што крајно ќе се увиди дали постои потреба од оваа соработка или не.

Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија, претседателот на Управниот одбор ја затвори 229-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор,
Претседател на Основен граѓански суд Скопје
Судија м-р Besnik Avdija

______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси